ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

Реализирани проекти во 2022

Оваа година ПОЛИМАТ 13 го заврши проектот „Зачувување на ендемичните растенија во Република Македонија“, проект преку кој ги изградивме капацитетите на здружението за спроведување на мониторинг на растенија. Овој тригодишен проект ПОЛИМАТ 13 го спроведуваше како локален партнер на Македонското еколошко друштво. Проектот е финансиран од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund). Во рамките на проектот се обновија податоците за распространетоста на растенијата во Значајното растително подрачје, со што се доби увид во нивната популација и се освежија информациите за стасусот на ЗРП „Богданци“. Секако преку различни активности се реализраше и една од поважните цели на проектот за промоција и популаризација на подрачјето како потенцијално Натура 2000 подрачје кое поради своите специфични карактеристики е од голема важност за растителниот диверзитет во државата. Во текот на проектот беа спроведени теренски активности со посета на ботаничари, редовен мониторинг на подрачјето со ангажирање на волонтери, посета на подрачјето од претставници на донаторот и Македонско еколошко друштво.

Во април се одржа завршниот настан на кој се презентираа активноастите кои беа спроведени во изминатите 3 години. Овие три години ПОЛИМАТ 13 работеше на промоција и заштита на подрачјето каде вирее Меурестиот козинец, растение кое е од големо значење и национална вредност. Во рамките на проектот беше изработен мурал со растението во градскиот парк, во срцето на Богданци. Исто така, беше означена патека на козинецот на околните ридови со поставување на три табли од информативен карактер кои опфаќаат податоци за астрагалусот, за флората и фауната која го карактеризира Значајното растително подрачје „Богданци“. Меурестиот козинец се наоѓа на Националната Црвена листа на Р С. Македонија како критично загрозен вид. Преку истражувачките активности на здружението беше пронајдено уште едно ретко растение, Centaurea rufidula, па можеме да кажеме дека подрачјето на територијата на општина Богданци има природни реткости кои се од големо значење за националниот биодиверзитет. На настанот беа доделени наградените ученици кои учествуваа на литературниот и ликовниот конкурс на тема Астрагалус. ПОЛИМАТ 13 на сите институции во општина Богданци им подари врамени цртежи кои беа изработени од наградените ученици.







Оваа 2022 година ПОЛИМАТ 13 започна со градење на капацитетите за родово одговорно буџетирање при што спроведе иницијатива до градоначалникот на Општина Богданци за продолжување на времето кога е во функција уличното осветлување на територијата на општина Богданци.

Преку оваа иницијатива побаравме продолжување на времето на исклучување на уличното осветлување во работни денови до 30 минути по полноќ, а за време на викенди до 1:30 часот по полноќ.

На состаноците кои ги одржавме со градоначалникот на општина Богданци ги презентиравме резултатите од истражувањето и ги предложивме овие мерки кои ќе придонесат кон зголемена безбедност на девојките, жените и младите луѓе од општина Богданци.

Оваа иницијатива беше прифатена, при што се направи чекор понатаму така што осветлувањето беше во функција во текот на целата вечер.

Иницијативата е резултат на Истражување за родово одговорно буџетирање на Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година, спроведено во

соработка со **Center for Research and Policy Making** во рамки на проектот: Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во РС Македонија, финансиски поддржан од Швајцарска агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој.

Во 2022 година ПОЛИМАТ 13 започна со спроведување на следните проекти:

Градење на локалните капацитети за управување со Значајното растително подрачје Богданци

Општата цел на проектот е придонес кон подигање на јавната свест за вредностите на биодиверзитетот со цел негова заштита и негово одржливо користење.

Специфичните цели на проектот опфаќаат зајакнување на локалните капацитети за зголемување на заштитата на Значајното растително подрачје „Богданци“, Зголемување на базата на податоци за Astragalus physocalyx и зајакнување на организацискиот капацитет на ПОЛИМАТ 13. Проектот е финансиски поддржан од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).

Одржливо управување со електронски отпад – сервис за поправка и правилно одлагање на ОЕЕО во општините Богданци и Гевгелија

Проектот има за цел да промовира одржливо и совесно управување со електричен и електронски отпад и минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.

Проектните активности ќе се спроведуваат во општините Богданци и Дојран и опфаќаат реализација на кампања за поправка на материјали од електричен и електронски отпад, организирање и опремување на простор со опрема за поправка на стара ИТ опрема, бела техника и мобилни телефони, но и јакнење на капацитетите на преставниците на граѓанскиот сектор и менторство и обука на четири млади заинтересирани лица за справување со електричен и електронски отпад. Проектот ќе се спроведува со финансиска поддршка од Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ ПМГ) и учества на здружението ПОЛИМАТ 13, Општина Богданци и Општина Дојран.